Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08 - 125/5
11 -04- 2022 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставка бр. 0801-125/1 од 22.02.2022 поднесена од Адвокат [redacted] во име на [redacted] застапувано од [redacted] од Скопје, за сторено вознемирување врз основа на етничка припадност со објавување на текстуална содржина со вознемирувачка содржина на социјална мрежа Фејсбук, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.04.2022 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНО И ПОВТОРЕНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основ на етничка припадност од страна на [redacted] претседател на политичка партија - [redacted] со објавување на текстови со вознемирувачка содржина кон граѓаните на РСМ од бугарска и албанска етничка припадност на социјалната мрежа Фејсбук.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е поднесена претставка со архивски број 0801-125/1 од 22.02.2022, од страна на Адвокат [redacted] во име на [redacted] застапувано од [redacted] од Скопје, против лицето [redacted] претседател на политичка партија- [redacted]

По приемот на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека претставката е поднесена во законскиот рок согласно член 24, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Претставката се однесува на дискриминација на социјална мрежа, област која е покриена со член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката од страна на [redacted] застапувано од [redacted] од Скопје, преку Адвокат [redacted] е наведено дека лицето [redacted] на 30.01.2022 во 14.02 часот, преку компјутерски систем, со објава на текстуална содржина-статус, од сопствената фан страна на социјалната мрежа “Фејсбук“ објавил содржина со наслов


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

"Мора да си ја вратиме државата" со фотографија на која текстуално е напишано дека "И Албанците и Бугарите во Македонија да престанат со антимакедонските барања". "Ова е Македонија. Приспособете се или ЗАМИНЕТЕ". "Бараме да се прилагодите на нас, а не обратно". Оваа објава има над 950 допаѓања и над 250 споделувања, со што поттикнала стотици шовинистички, ксенофобични и дискриминаторски коментари спрема граѓаните на Р.С. Македонија од албанска и бугарска етничка припадност.

На 08.02.2022 лицето [redacted] повторно на неговата фан страна на Фејсбук објавил содржина со наслов "Да сме нормална држава треба да се позанимаваме со Бугарите во Македонија или поточно, Македонските јаничари кои не издржале во историјата". Оваа објава има над 120 допаѓања, над 10 споделувања така што повторно во јавноста наведеното лице поттикнало шовинистички, ксенофобични и дискриминаторски коментари спрема граѓаните на Р.С. Македонија од бугарска етничка припадност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 23.02.2022 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до лицето [redacted] од Скопје, со барање писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето.

Лицето [redacted] во законски предвидениот рок достави произнесување по доставената претставка. Во одговорот лицето [redacted] не ги негира фактите во претставката и наведува дека обрнува внимание на општо познатиот факт дека подносителот на претставка и останатите бугарски организации во РС Македонија отворено го негираат постоењето на македонскиот народ, јазикот, историјата и културата што има за последица големо вознемирување врз дискриминаторски основи врз цел еден народ.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, после внимателно ценење на фактите и приложените докази, утврди дека со своите објави на фан страната на Фејсбук, лицето [redacted] сторил продолжено и повеќекратно вознемирување преку ширење и поттикнување на дискриминирачки коментари кон граѓаните на РС Македонија од албанска и бугарска етничка припадност.

На тој начин, лицето извршило прекршување на законските одредби од член 10 и член 4 точка 11 и точка 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*"Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика"(член 10);*

*"Повторена дискриминација е дискриминација вршена кон едно лице или група повеќепати, врз исти дискриминаторски основи" (член 4 точка 11);*

*"Продолжена дискриминација е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи(член 4 точка 12).*

Комисијата за спречување и заштита и дискриминација, работи во согласност со надлежностите утврдени во Законот за спречување и заштита од дискриминација но при својата работа многу често, ја зема во предвид и меѓународната пракса. Европскиот суд за човекови права во случајот Beizaras and Levickas v. Lithuania, жалба бр. 41288/15, во кој меѓу другото се работи и за хомофобични коментари на социјални мрежи под објава, одлучил дека ваквите коментари мора да бидат санкционирани во демократско општество. Судот цени дека дури и еден коментар со омраза под објава на социјална мрежа е доволно за истиот да се сфати сериозно, доколку објавата има голема видливост онлајн, како во случајот.

Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следната

П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] јавно да се извини за напишаниот текст со кој е извршено вознемирување врз основа на етничка припадност врз граѓаните на Република Северна Македонија од бугарска и албанска етничка припадност. Јавното извинување [redacted] **треба да го објави на својата фан страна Фејсбук најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** лицето [redacted] во иднина да се воздржи од пишување текстови кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа етничка


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

припадност или било која друга дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

| | |
|---|---|
| Скопје<br>11.04.2022 | Комисија за спречување и заштита од дискриминација<br><br>Претседател<br>Кире Василев |

Доставено до:

1. [redacted]
2. 


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk